Врз основа на член 94 и член 163 од Законот за високото образование, член 304 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и врз основа на Одлуките на Универзитетски сенат

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**
распишува
**ИНТЕРЕН КОНКУРС**

**за избор на демонстратори на единиците во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за учебната 2025/2026 година**

**1. ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**
**1.1. Демонстратор на студиската програма**
- Општа медицина - 29 извршители
**1.2. Демонстратор на студиската програма**
- Дентална медицина - 8 извршители
**1.3. Демонстратор на студиската програма**
- Фармација - 2 извршители

**2. ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ**
**2.1. Демонстратор на студиската програма**
- Геологија - 1 извршител

**3. ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА**
**3.1. Демонстратор од областа**
- Информатика - 3 извршители

**4. ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ**
**4.1. Демонстратор** - 3 извршители

**5. ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**
**5.1. Демонстратор за наставно-научна област**
- Казнено материјално право и казнено процесно право - 1 извршител
**5.2. Демонстратор за наставно-научното поле**
- Политички науки - 1 извршител

**6. ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
**6.1. Демонстратор:**
- по предмети од катедрите: Менаџмент, Сметководство и ревизија, Економија и Финансии - 2 извршители

**7. ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**
**7.1. Демонстратор во:**
- Наставен центар – Штип - 1 извршител
**7.2. Демонстратор во:**
- Наставен центар – Скопје - 1 извршител
**7.3. Демонстратор во:**
- Наставен центар – Гевгелија - 1 извршител

**8. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

**8.1. Демонстратор од областа**

-Електротехника и електромагнетика - 1 извршител

**9. ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

**9.1. Демонстратор за наставно-научна област**

- Англиски јазик - 1 извршител

**Критериуми за избор:**

(1) На факултетот, односно на високата стручна школа, можат да се избираат демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус студии.

(2) Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус студии.

(3) За демонстратор може да биде избран студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум).

(4) За демонстратор на студиски програми од интегриран прв и втор циклус може да биде избран студент кој има остварено најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оценка од најмалку 8,00 (осум).

(5) Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати на истата единица на Универзитетот.

(6) Посебните услови и постапката за изборот на демонстраторите, како и нивните права и обврски во наставно-образовниот процес се уредуваат со општ акт на Универзитетот и општ акт на единицата на Универзитетот, односно со општ акт на самостојната висока стручна школа.

(7) Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определен со студиската програма и под непосредно раководство на предметниот наставник.

(8) Факултетот, односно високата стручна школа и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски. Исплатата на надоместоците за избраните демонстратори се врши од сопствените приходи на факултетот, односно самостојната висока стручна школа, за што не се бара согласност од Министерството за финансии.

**Потребни документи за кандидатите за избор во демонстратор:**

- Пријава;
- Потврда дека е студент на втор или трет циклус студии;
- Уверение за положени испити и остварени кредити;
- Кратка биографија.

Конкурсот трае 5 (пет) работни дена сметано со денот на објавувањето.

Изборот ќе се изврши во рок од 15 (петнаесет) работни дена од завршувањето на Конкурсот.

Документите се доставуваат до архивата на:

1. Факултет за медицински науки, Клиничка болница - Штип, ул. „Љубен Иванов“ бр. 25 (Одделение за педијатрија), тел. 032/550-400;
2. Факултет за природни и технички науки, ул. „Гоце Делчев“ бр. 89, Штип, тел. 032/ 550-550;
3. Факултет за информатика, ул. „Гоце Делчев“ бр. 89, Штип, тел. 032/550-100;
4. Земјоделски факултет, ул. „Гоце Делчев“ бр. 89, Штип, тел. 032/550-600;
5. Правен факултет, ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10А, Штип, тел. 032/550-474;
6. Економски факултет, ул. „Генерал Михајло Апостолски“ бр. 30 (Пионерски дом), Штип, тел. 032/ 550-300;
7. Факултет за туризам и бизнис логистика, ул. „7-ми Ноември“ бб, Гевгелија, тел. 032/550-350;

8. Електротехнички факултет, ул. „Гоце Делчев“ бр. 89, Штип, тел. 032/550-900;
9. Филолошки факултет, ул. „Железничка“ бб, Штип, тел. 032/550-150.